4. **Гласање со кореспонденција**

Акционерот може да гласа со кореспонденција со пополнување на образецот за гласање со кореспонденција и доставување на документ за идентификација.

Пополнетиот образец за гласање со кореспонденција акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореспонденција, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош;

2. За акционер домашно правно лице се приложува, последна тековна состојба од Централниот регистар на Р.Северна Македонија во оригинал не постара од 10 (десет) дена, а за акционер странско правно лице се приложува соодветен документ за регистрација на Друштвото, од државата каде што е основано, со превод од овластен судски преведувач, заверен на нотар.

Акционерот кој гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција најдоцна 24 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето, кое мора да биде примено во Друштвото најдоцна до 18.1.2024 година, до 16:00 часот, во предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

Пополнетиот образец за гласање со кореспонденција и документите за идентификација мора да бидат примени во Друштвото најдоцна до 18.1.2024 година, до 16:00 часот на адреса:

ОИЛКО КДА - Скопје
ул. 10, бр.152 Миладиновци
Илинден, 1000 Скопје
до Комплементарите на Друштвото
Со назнака „за Собрание“